# PROTECTION OF BASIC HUMAN RIGHTS DURING THE APPLICATION OF CONFISCATION OF PROPERTY. ANALYSIS OF THE EUROPEAN CONVENTION ON HUMAN RIGHTS AND THE DECISIONS OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS

**Genti Rechi**
University "Mother Teresa" in Skopje, Republic of North Macedonia, genti.reci@unt.edu.mk

Abstract: Confiscation is an important instrument in the fight against organized crime and other forms of serious crime.Confiscation, which is an act of seizing of someone's property by a competent authority, can have implications on certain human rights and freedoms that are foreseen and guaranteed by international conventions. Many states, in the name of a more effective fight against organized crime and serious crimes, have adopted new forms of confiscation that are simpler than the traditional form of confiscation. Confiscation, especially the Non-conviction based in which no conviction is required for the accused and sometimes it is not even necessary to start criminal proceedings for the confiscation of the property can cause a violation of the rights provided by the European Convention on Human Rights, especially the right to a fair trial (Article 6) and the right to property (Article 1 Protocol 1) The purpose of this paper is to analyze the rights guaranteed by the European Convention on Human Rights that can potentially be violated during the application of the confiscation measure. Also, in this paper we will make a brief overview of the two types of confiscation: Conviction based confiscation (*in personam*) and Non-conviction based confiscation (*in rem*). The methodology used in this paper consists of an analysis of the relevant decisions of the European Court of Human Rights against the Republic of North Macedonia and other countries as well as an analysis of the relevant legislation. One of the biggest challenges when applying the measure of confiscation is achieving a balance between the protection of basic human rights and the goals to be achieved by the confiscation. From the above, we can conclude that when applying the confiscation, it can easily turn into a punishment, even though it is not intended as such. The ECtHR, in its decisions, has consistently emphasized the importance of procedural safeguards, proportionality and the rule of law when states resort to measures such as confiscation of assets. Therefore, the states should take measures to harmonize the criminal legislation with the international standards that refer to the application of the measure of confiscation.
**Keywords:** Confiscation, European convention on human rights, European Court of Human Rights, Right to a fair trial, Right to property

# ЗАШТИТА НА ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ПРИ ПРИМЕНА НА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ. АНАЛИЗА НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ОДЛУКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Генти Речи**
Универзитет,,Мајка Тереза" во Скопје, Република Северна Македонија, genti.reci@unt.edu.mk

**Резиме:** Конфискацијата претсавува важен инструмент во борбата против организираниот криминал и други форми на сериозен криминал. Конфискацијата, која претсавува чин на одземање нечиј имот од страна на надлежен орган, може да има импликации врз одредени човекови права и слободи кои се предвидени и гарантирани со меѓународните конвеции. Државите во име на поефективна борба против организираниот криминал и тешките кривични дела имаат донесено нови облици на конфискација кои од традиционалниот облик на конфискација се поедноставни. Конфискацијата, особено таа граѓанско-правната во која не е потребна осудителна пресуда за обвинетиот и понекогаш воопшто и не е потребно да се започне кривична постапка за конфискација на имотот може да предизвика повреда на правата предвидени со Европската конвецијата за човекови права особено правото на правично судење ( член 6 ) и правото на сопственост (член 1 протокол 1 ) кои истотака се предвидени и во уставот на Република Северна Македонија. Цел на овој труд е да се направи анализа на правата загарантирани со Европската конвенција за човекови права кои потенцијално можат да бидат повредени при примена на мерката конфискација Истотака, во овој труд ќе направиме и краток осврт на двата видови на конфискација: Кривично правната ( *in personam* ) која се заснова врз пресуда во кривична постапка и граѓанаско правната конфискација (*in rem* ) која не се заснова врз пресуда во кривична постапка.

Методологијата користена во овој труд се состои од анализа на релевантните одлуки на Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија но и други држави како и анализа на релевантното законодаство. Еден од најголемите предизвици при применување на мерката на конфискација е постигнување на рамнотежа меѓу заштитата на основните човекови права и целите кои треба се постигнат со конфискацијата. Од изнесеното може да заклучиме дека при примена на мерката на конфискација таа многу лесно може да се претвори во казна иако не е предвидена како таква. ЕСЧП, во своите одлуки, доследно ја нагласува важноста на процедуралните заштитни мерки, пропорционалноста и владееењето на правото кога државите прибегнуваат кон мерки како конфискација на имот. Затоа државите треба преземат мерки за усогласување на кривичното законодаство со меѓународните стандарти кои се однесуваат на примената на мерката конфискација.
**Клучни зборови:** Конфискација, Европска конвеција за човекови права, Европски суд за човекови права, право на правично судење, право на сопственост

## 1. ВОВЕД

Конфискацијата претсавува важен инструмент во борбата против организираниот криминал и други форми на сериозен криминал.. Конфискацијата, која претсавува чин на одземање нечиј имот од страна на надлежен орган, може да има импликации врз неколку човекови права и слободи кои се предвидени и гарантирани со меѓународните конвеции. Државите во име на поефективна борба против организираниот криминал и тешките кривични дела имаат донесено нови облици на конфискација кои од традиционалниот облик на конфискација се поедноставни. Една од тие поедноставни облици на конфискација е конфискацијата во граѓанска постапка (*in rem*) Иако конфискацијата е значаен инструмент за борба против организираниот криминал и корупција, неговата примена мора да биде на начин кој ќе ги почитува човековите права и ќе гарантира дека на лицата врз кое е насочена оваа мерка нема да бидат неправедно цел или лишени од нивниот имот без соодветна постапка. Конфискацијата, особено таа граѓанско-правната во која не е потребна осудителна пресуда за обвинетиот и понекогаш воопшто и не е нужно да се почне кривична постапка за конфискација на имотот може да предизвика повреда на правата предвидени со Европската конвецијата за човекови права особено правото на правично судење ( член 6 ) и правото на сопственост (член 1 протокол 1 ) кои истотака се предвидени и во уставот на Република Северна Македонија. Од овие причини од државите кои во нивното законодаство ја имаат усвоено ова мерка се бара таа да биде во согласнот со меѓународните стандарди за човекови права.

## 2. ЕВРОПСКА КОНВЕЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕКЧП) И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП)

ЕКЧП е донесена во 1950 година од Советот на Европа и стапи на сила во 1953 година. Конвецијата е ратификувана од сите членки на Советот на Европа. Конвецијата се донесе како резултат грубите повреди на човекови права кои се случиија во текот на Втората светска војна. Во Конвецијата се додадени уште шест додатни протоколи кои се задолжнителни за државите кои ги ратификувале. Конвенцијата опфаќа голем број на права и слободи, вклучувајќи го правото на живот, забраната на тортура и нехумано постапување, правото на правично судење, правото на слобода на изразување, правото на слобода на собирање и здружување и правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Конвенцијата, исто така, воспоставува систем на индивидуални претставки, кој им овозможува на поединците да поднесат жалби за прекршување на нивните права до Европскиот суд за човекови права. Судот потоа може да донесе обврзувачки пресуди за овие случаи, а земјите-членки се обврзани да ги почитуваат одлуките на Судот. Конвецијата се применува директно како дел од националнато законодаство и индиректно преку извршување на пресудите кои имаат обврзувачки карактер, донесени од страна на Европскиот суд за човекови права. Конвецијата има значајно влијание врз домашното право на државите-потписнички во однос на заштитата на човековите права. Во голем број случаи, државите пристапуваат кон измена на законодавството или практиката со цел да ги доведат во согласност со Конвецијата по повод на пресуди во случаи во коишто не биле странка (O'Boyle & Warbrick, 2009). На пример, Холандија направи промени во нејзиното законодаството за деца родени надвор од брак како последица на одлуката во случајот Маркс против Белгија (Judgment of European Court of Human Rights *Marckx v Belgium*, 1979). Случајот Маркkс против Белгија имаше големо влијание, не само за Белгија туку и во многу други земји. Овој случај постави преседан за признавање на правата на вонбрачните деца и утврди дека тие не треба да бидат дискриминирани, особено во однос на наследното и семејното право. Истотака, има случаи кога државата-договрничка прави промени во своето законодаство со цел да го усогласи со Конвецијата или некој од нејзините протоколи дури и пред да стане нивна потписничка (O'Boyle & Warbrick, 2009).

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) е основан во 1959 година со Европската конвенција за човекови права. Седиштето на судот се наоѓа во Стразбур, Франција. и има надлежност над 47-те земји-членки на Советот на Европа. Идејата за создавање Европски суд за човекови права за прв пат беше предложена во 1949 година од страна на Консултативното собрание на Советот на Европа. Собранието препорача да се состави договор за формирање суд за заштита на човековите права во Европа. Договорот на крајот беше потпишан во 1950 година, а како резултат беше создаден ЕСЧП.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) е судско тело одговорно за толкување и примена на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Неговата улога е да обезбеди земјите-членки на Советот на Европа да ги почитуваат човековите права и основните слободи наведени во Конвенцијата. Судот, кој е со седиште во Стразбур, е составен од истиот број на судии како држави договорнички кон Конвенцијата. Се избираат судии од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Тие се целосно независни при извршувањето на нивните должности и не ги застапуваат државите која ги номинираше. Од основањето на Судот во 1959 година, Судот донел 24.511 пресуди. Повеќе од една третина од нив се однесуваат на 3 земји-членки: Турција (3.820), на Руската Федерација (3.116) и Италија (2.466). (European Court of the Human Rights, 2022) Според објавените статистики, 7 % од вкупните прекршувања се однесуваат на Протокол 1 член 1 додека 20 % се однесуват на член 6 од Конвецијата односно на Правото на правично судење. (European Court of the Human Rights, 2022)

## 3. КРИВИЧНО-ПРАВНА И ГРАЃАНСКО-ПРАВНА КОНФИСКАЦИЈА

Вистински предизвик преставува поимното определување на конфискацијата. Ограничената литература за конфискацијата и бројот на меѓународни документи што се однесуваат на конфискацјиата доведуваат до заклучок дека терминологијата во областа на поврат на средствата е прилично збунувачка. (Longar, 2020) Во меѓународната литература и меѓународните документи може да се сретне употреба на различни поими за конфискацијата. На англиски посебно за граѓанската конфискација се употребува поимот *forfeiture* додека за кривичната конфискација се употребува *confiscation*. Кривично правната конфискација односно конфискација заснована врз кривична пресуда е конфискација која се изрекува во рамки на кривичната постапка. Овој вид на конфискација се нарекува и *in personam*, што значи дека е насочена против поединецот или обвинетиот. Овој вид на конфискација е наредена од страна на суд како дел од казната на сторителите на к.д против имотот за кој се докажува дека е поврзан со делата за кои се прогласени за виновни. (Simonato & Fernandez Betier, 2019)·Пристапот со кој се конфискува само имотот кој е поврзан со кривичното дело се покажа не ефективен особено во борба против организираниот криминал. Затоа, потребата за нови форми на конфискација стана евидентна. Во таа насока, во име на по остра борба против криминалот се донесоа модерни форми на конфискација. Една од тие форми е проширената конфискација. Проширената конфискација истотака се основа на осуда меѓутоа има елементи на граѓанската конфискација како што се товарот на докажување кое во овој случај паѓа врз обвинетото лице кое има должност да го докаже законското потекло на имотот. Со проширената конфискација се опфаќа и имотот кој не е во директна врска со стореното кривично дело за кое е осудено сторителот на делото.

Граѓанската конфискација или *in rem* конфискација за разлика од кривичната конфискација е насочена против предметот. Овој вид на конфискација се изрекува надвор од кривичната постапка и не се заснова на пресуда во кривична постапка со која се утврдува вина на одредено лице. За разлика од кривичната конфискација во граѓанската конфискација се изоставени бироктратските процедури со цел зголемување на ефективноста на конфискацијата. Главните оправдувања за современите форми на конфискација незаснована на осуда се потпираат на превентивните функции на конфискацијата: да се спречи имотот да се користи за извршување на понатамошни незаконски активности и/или да се врати *status quo ante* врз основа на теоријата на неоснованото збогатување и идејата дека сторителот нема никакво право на незаконски стекнати придобивки (Simonato & Fernandez Betier, 2019)

## 4. ПРАВО НА ПРАВИЧНА СУДСКА ПОСТАПКА ( ЧЛЕН 6 )

Освен со ЕКЧП правото на правична судска постапка се гарантира и со Уставот и законите на Република Северна Македонија. Правото на правична судска постапка има примарна позиција во Конвецијата, и поради важноста на инволвираното право и поради огромниот обем на жалби. Во однос на првото, Судот нагласува дека „ правото на правично судење зазема така значајно место во едно демократско општество што не може да постои оправдување за евентуално рестриктивно толкување на член 6 став 1 од Конвецијата. (O'Boyle & Warbrick, 2009) Во поглед на второто, далеку поголем број на жалби пред Стразбург се однесуваат на оваа, отколку на која било одредба. Случаите најмногу се однесуваат на кривични и граѓански

постапки пред редовните судови, подеднакво пред првостепените, како и пред апелационите. (O'Boyle & Warbrick, 2009)

Важен аспект на правото на правично судење е пресумпцијата на невиност кое претсавува традиционално начело на кривичните постапки. Начелото на пресумпција на невиност во ЕКЧП е предвидена во член 6 став 2. Оваа начело истотака е предвидено и во Уставот на Република Северна Македонија во член 13 и во член 2 на Законот за кривична постапка. Презумпцијата на невиност е важен аспект на правичното постапување спрема обвинетиот бидејќи претставува процесен механизам што го ослободува обвинетиот од обврската да ја докажува својата невиност, од една страна, а ги задолжува сите физички и правни лица (вклучително и учесниците во постапката, но и општата јавност) да го сметаат обвинетиот за невин сѐ додека вината не биде утврдена со правосилна судска пресуда. (Калајџиев, Лажетиќ, Неделкова, & други, 2018) Презумпцијата на невиност се однесува и на „товарот на докажување“. Не може да се бара да осомничениот ја докажува својата невиност. Напротив, товарот на докажување е на страна на обвинителството кое е должно надвор од разумно сомнение да докаже дека обвинетиот е сторител на кривичното дело. За секое сомнение ќе биде одлучено на начин кој е поповолен за обвинетиот согласно начелото *in dubio pro reo*. (Калајџиев, Лажетиќ, Неделкова, & други, 2018)Меѓутоа, можноста начелото на пресумпција на невиност да биде повредено е е големо во случај на граѓанска конфискација. Иако граѓанската конфискација е постапка насочена кон предметот ( *in rem* ) и во ова постапка кривична осуда не е услов за конфискација на имот сепак граѓанската конфискација како и таа во кривична постапка им служи на истата цел. Европскиот суд за човекови права во неколку случаи има утврдено повреда на начелото на пресумпција на невиност ( член 6 (2) ) предвидено во конвецијата. Во случајот (Judgment of European Court of Human Rights *Geerings vs The Netheraland*s, 2007)судот оценил дека има повреда на начелото на пресумпција на невиност. Повреда на презумпцијата на невиност беше констатирана во овој случај со што Судот ја осуди Холандија затоа што наредбата за проширена конфискација, издадена по пресудата, опфаќаше имот што произлегува од кривични дела за кои апликантот претходно бил ослободен. Ова, според ЕСЧП, претставувало утврдување на вина без апликантот да биде прогласен за виновен според законот. (Simonato & Fernandez Betier, 2019)

## 5. ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ

Една од основните човекови права предвидено во ЕКЧП е правото на сопственост. Правото на сопственост е право кое се гарантира со меѓународни конвеции но и со устав и закон. Европската конвеција за човекови права правото на сопственост го предвидува во член 1 од протокол 1 на оваа конвеција и гласи:„*Секое физичко или правно лице има право на мирно уживање на својот имот. Никој не може да бпде лишен од својот имот, освен во јавен интерес и под услови предвидени со закон и со општите принципи на меѓународното право”.*

„*Претходните одредби не навлегуваат во правото на државите да донесуваат закони кои ги сметаат за неопходни за регулирање на користењето на имотот согласно општиот интерес или заради сигурно плаќање на данокот, другите придонеси и парични казни*”Од овој член произлегуваат неколку основни принципи и тоа (O'Boyle & Warbrick, 2009): Право на мирно уживање на својот имот (кое подразбира право да се поседува, користи, поправа, отуѓува, позајмува итн.), Забрана за лишување од својот имот и Задржување на правото за регулирање на користење на имотот соггласно општиот интерес.

Од горенаведеното може да заклучуваме дека правото на сопственост не е абсолутно. Конвецијата оставила можност оваа право во одредени случаи да се ограничува. За ограничување на оваа право потребно е да се исполнуваат условите предвидени во конвецијата а тоа се: кога во прашање е јавниот интерес и и постоење на законска основа за ограничување на ова право.Секое мешање во правата заштитени со член 1 од Протоколот бр. 1 мора да го исполни барањето за законитост. Таа, исто така, претпоставува дека применливите одредби од домашното право се доволно достапни, прецизни и предвидливи. (Orlovska & Stepanova, 2018) При што постоењето на правна основа во домашното право не е доволно, само по себе, да го задоволи принципот на законитост. Дополнително, правната основа мора да има одреден квалитет, имено да биде компатибилна со владеењето на правото и да дава гаранции против самоволието (Orlovska & Stepanova, 2018) Исто така, Судот нагласува дека мерките за конфискација треба да бидат пропорционални, дури и во отсуство на пресуда со која се утврдува вината на обвинетиот (Orlovska & Stepanova, 2018). Особено важно за ЕСЧП е постоењето на процедурални права со кои на засегнатото физичко или правно лице би им се загарантирало можност да се изјаснат или презентират доказите пред суд и можност да ја обжалат одлуката со која се ограничува правото на сопственост. Повреда на правото на сопственост е констатирано во случајот на Имери против Хрватска. Случајот се однесува на конфискација на сума на девизи која жалителот, норвешки државјанин, не ја пријавил при преминувањето на хрватско-словенечката граница. На апликантот при преминување на границата меѓу Словенија и Хрватска бил запрен од

царинските органи кои утврделе дека апликантот носел 43.500 евра и 730000 норвешки круни кои спротивно на важечкиот закон апликантот не ги пријавил. Целиот износ на пари беше привремено одземен во согласност со член 70 од Законот за девизи и член 159 од законот за административни прекршоци. По истрага направена од финансискиот инспекторат од Министерството за финансии се дознава дека апликантот бил осомничен за измама со имот во Норвешка но истиот не бил осудуван заради недостиг на докази. Меѓутоа органите во Хрватска ги конфискуваат паричните средства затоа што апликантот не успеал да го докаже нивното потекло. Судот придава значење на фактот дека чинот на внесување девизи во готовина во Хрватска не бил незаконски според хрватскиот закон. Напротив, тоа беше изречно дозволено според одредбите на Законот за девизи. Дополнително, сумата што можела легално да се пренесе или физички да се пренесе преку хрватската граница, во принцип не била ограничена. Судот, исто така, го зеде предвид фактот дека апликантите немале криминално досие и дека тие не биле осомничени, ниту обвинети за какво било кривично дело пред или по предметниот инцидент што е уште поважно, апликантите не биле кривично осудени или дури и гонат за непријавување на предметните пари, бидејќи тоа не претставува кривично дело, туку само административно дело, кое се смета за значително помалку сериозно. Дополнително, при примената на мерката за конфискација, домашните власти не ја зедоа предвид наводната вмешаност на апликантот во криминални активности во Норвешка. Дополнително, штетата што апликантот би можела да им ја нанесе на властите била мала: тој не ги избегнал царинските давачки или какви било други давачки или не предизвикал каква било друга материјална штета на државата. Доколку износот не беше откриен, хрватските власти само ќе беа лишени од информацијата дека парите поминале низ Хрватска. Според тоа судот проценил дека има повреда на член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата. (Judgment of European Court of Human Rights Imeri v. Croatia, 2014). Во случајот Андоноски против Република Македонија, апликантот се жалеше дека неговото возило, со кое тој заработувал за живот, му било одземено во кривична постапка, покрај фактот што тој не бил осуден како сторител на било какво кривично дело. Судот во овој случај оценил дека одземањето на возилото било непропорционално бидејќи му наметнала претеран товар на апликантот. Заради тоа судот оценил дека има повреда на членот 1 од Протоколот бр.1 на Конвецијата (Judgment European of Court of Human Rights Andonoski v, Republic of Macedonia, 2015). Во случајот Сулејмани против Република Македонија Европскиот суд за човекови права во овој предмет постапил по апликација против Република Македонија поднесена до Судот, со која апликантот се жали според член 1 од Протокол 1 кон Конвецијата, за конфискување на неговото возило во кривична постапка против трето лице.На 12 април 2006 година, апликантот склучил купопродажен договор со Ш.А., за купување на камион-мешалка за бетон 2 (“возилото“) за еквивалент на 5.000 евра во македонски денари. На 15 мај 2007 година апликантот го додал возилото во неговата фирма. На 6 октомври 2008 година, Министерството за внатрешни работи привремено го одзело возилото и неговата сообраќајна дозвола од апликантот со цел да се изврши проверка на шасијата на возилото. Била издадена потврда за привремено одземени предмети. Во првостепената постапка судот утврдил дека шасијата на возилото е фалсификувана, но го ослободил од обвинението за фалсификување исправа во врска со бројот на шасијата на возилото и го отфрлил обвинителниот акт поднесен од јавен обвинител против лицето И.С (апликантот). апликантот побарал враќање на возилото во негова сопственост од основниот суд. Повикувајќи се на ст.3 од член 100 на КЗ, основниот суд во Струга констатирал дека не постоела основа за конфискација на возилото на апликантот. Апликантот не знаел, ниту пак можел да знае дека возилото било употребено за извршување на кривично дело. Судот исто така наредил сообраќајната дозвола да му биде вратена на апликантот. Против одлуката на судот за враќање на возилото на апликантот Јавниот обвинител поднесол жалба до Апелациониот суд . На жалба на јавен обвинител, на 24 јануари 2011 година, Апелациониот Суд Битола (“апелациониот суд”) ја поништил таа. Врз основа на член 100-а (2) од Законикот, апелациониот суд утврдил дека шасијата на возилото била фаслификувана и дека тоа возило, во интерес на јавната безбедност не може да биде прогласено дека е во возна/исправна состојба.понатаму се повикал на член 100-а (3) од Законикот и му наредил на основниот суд да процени дали продолжената употреба на возилото би претставувало кривично дело “употреба на фалсификувана јавна исправа. Судот во овој случај оценил дека нема повреда на член 1 Протокол 1 од конвецијата од следниве причини: судот смета дека одземањето на возилото на апликантот не му наложило преголем товар затоа што апликантот може да поднесе граѓанска тужба за надомест на штета од продавачот. (Judgment of European Court of Human Rights Sulejmani v. Republic of Macedonia, 2011)

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Еден од најголемите предизвици при применување на мерката на конфискација е постигнување на рамнотежа меѓу заштитата на основните човекови права и целите кои треба се постигнат со конфискацијата.

Современите тендеции одат кон прифаќање на граѓанско-правната конфискација како нов пристап во борбата против организираниот криминал и другите форми на криминалитет. Многу држави се одлучуваат во нивните законодаства да воведат граѓанско правна конфискација како брз и ефикасен метод за конфискација  на имотот стекнат преку криминални активности. Меѓутоа овој краток пат преку кој се конфискува имотот за разлика од кривично правната конфискација во која постојат повеќе процесни гаранции може да доведе до повреда на правата предвидени во меѓународните конвеции особено правото на сопственост и пресумпцијата на невиност. Од изнесеното може да заклучиме дека при примена на мерката на конфискација особено таа во граѓанска постапка многу лесно може да се претвори во казна иако не е предвидена како таква. ЕСЧП, во своите одлуки, доследно ја нагласува важноста на процедуралните заштитни мерки, пропорционалноста и владеењето на правото кога државите прибегнуваат кон мерки како конфискација на имот.

**ЛИТЕРАТУРА**

Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., & други. (2018). Коментар на Законот за кривична постапка. Скопје: Мисија на ОБСЕ во Скопје. ISBN 978-608-4788-34-8

European Court of the Human Rights. (2022). The ECtHR in facts & figures 2021. Strasbourg: European Court of the Human Rights.

Judgment European of Court of Human Rights (2015). *Andonoski v, Republic of Macedonia*, Application No. 16225/08. Retrieved from https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-157279

Judgment of European Court of Human Rights(2016). *Sulejmani v. Republic of Macedonia,* Application No. 74681/11.  Retrieved from https://hudoc.echr.coe.int/fre?i=001-162217

Judgment of European Court of Human Rights (2007).*Geerings vs The Netheralands*, Application No. 30810/03. Retrievedfrom:https://hudoc.echr.coe.int/app/conversion/docx/?library=ECHR&id=001-79657&filename=CASE%20OF%20GEERINGS%20v.%20THE%20NETHERLANDS.docx&logEvent=False

Judgment of European Court of Human Rights (2014). *Imeri v. Croatia*, Application No. 77668/14.  Retrieved from: https://hudoc.echr.coe.int/fre?i=001-210495

Judgment of European Court of Human Rights(1979). *Marckx v Belgium,* Application No.6833/74. Retrieved from: https://hudoc.echr.coe.int/fre?i=001-57534

Longar, K. (2020). Legal Aspects of the Illegal Asset Recovery in Slovenia. *Journal of Criminal Justice and Security* , 434-447.

O'Boyle, H., & Warbrick,(2009). Право на Европската Конвеција за човекови права. Oxford: Oxford university press. ISBN 978-9989-0-0692-0

Orlovska, N., & Stepanova, J. (2018). Confiscation of proceeds and property related to crimes: International standards and ECHR practice. *Tribuna Juridica*. 10(3), 493-511

Simonato, M. (2017). Confisacation and fundamental rights across criminal and non-criminal domains. *Era Forum.*

Simonato, M., & Fernandez Betier, M. (2019). Confiscation and fundamental rights: the quest for a consistent european approach. Improving confiscation procedures in the European Union, Italy: *Jovene Ditore*